Врз основа на член 2 и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер( "Службен весник на РСМ бр.101/2019" ) и член 36 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции, в.д. Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ донесе:

АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA PËR INVESTIME TË HUAJA DHE PROMOVIMIN E EKSPORTIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр. / Nr. 02-1158/2
11.11. 2020 год.-viti
Скопје - Shkup

**Р Е Ш Е Н И Е**

Член 1

Со ова решение се овозможува пристап до информации од јавен карактер кои се предмет на барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.03-1158/1 од 02.11.2020 година поднесено од ʹ

Член 2

Составен дел на ова решение е листа на текстилни компании кои согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции склучиле договор со Владата на Република Северна Македонија во 2018 и 2019 година.

**Образложение**

есено барање за пристап до информации од јавен карактер до Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со бр.02-010/2020 од 21.07.2020 година со барање на следните информации:

1. Вториот сет на податоци се однесува на финансиска поддршка на текстилните компании, согласно различните типови на директна поддршка од Законот за финансиска поддршка на инвестиции во изминатите две години:

- Поддршка за нови вработувања
- Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Северна Македонија
- Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување
- Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес
- Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи и
- Поддршка за откуп на средства од претпријатија во потешкотии.

Како и видови на финансиска поддршка за конкурентност:

- Поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот и
- Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба

"Потребна е листа на компании од текстилната индустрија кои искористиле некоја од предвидените мерки за финансиска поддршка на инвестиции во последните две години" стои во барањето за пристап до информации од јавен карактер.

На ден 19.10.2020 година во Министерството за економија е пратена Ургенција од страна на Здружението за истражување и анализи по претходно испратено барање за пристап до информации од јавен карактер првично до Генерален секретаријат на Владата на РСМ, оттаму препратено до Управата за јавни приходи од каде е препратено до Министерството за економија на ден 31.08.2020 година.

На 02.11.2020 година од Министерството за економија до Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РСМ е препратено барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.03-1158/1.

Постапувајќи согласно чл.2 став 1, чл.20 став 1 и чл.21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и чл.36 став 1 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции ( "Службен весник број 83/2018, број 98/19 и број 124/19 година"), в.д. директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решението барателот на информацијата има право на жалба во рок од 15 дена до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од денот на приемот на решението.

Изработил: Емилија Трајковска
Доставено до:

- Барател на информацијата
- Архива

**в.д. Директор**

**Дејан ПАВЛЕСКИ**

| реден број | Деловени субјекти од текстилната индустрија кои имаат склучено Договор за доделување на финансиска поддршка согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции во 2018 и 2019 година |
|---|---|
| | за 2018 година |
| 1 | АД "МОДА" Св. Николе |
| 2 | АЛКАЛОИД БЕРОВО |
| 3 | ДОО Мултитекс увоз-извоз Битола |
| 4 | СА-ЕЛ ДООЕЛ Охрид |
| 5 | ДАНИТЕКС ДООЕЛ Кочани |
| 6 | ПРИМАРИУС ДОО Охрид |
| 7 | МК " ЛИНЕА ПРИМА " ДООЕЛ |
| 8 | САРА КОЛАНТ ВИЛИ ДООЕЛ |
| 9 | АЛЕКСАНДАР 98 Кочани |
| 10 | ТРИТЕКС Прилеп |
| 11 | АЛБАТРОС Штип |
| 12 | ТЕКСПОРТ Скопје |
| 13 | АЛЕКС 3 ДООЕЛ Кочани |
| 14 | ММЦ Прогрес Делчево |
| 15 | АПИТЕКС Виница |
| 16 | КОМФИ АНГЕЛ Прилеп |
| 17 | КЕТРИН ДООЕЛ Кочани |
| 18 | ПРИМА ВИСТА Виница |
| 19 | САЛСА Куманово |
| 20 | ГАЛАТЕКС Куманово |
| 21 | МАМ ПРОМ Валандово |
| 22 | ВПТЕКС Илинден |
| 23 | ТЕТЕКС ЈАРН Тетово |
| 24 | МАЈ ФЕШН Кочани |
| 25 | СОНЦЕ Делчево |
| 26 | БОСУТ Куманово |
| | за 2019 година |
| 27 | ТЕКСТИЛ Струмица |
| 28 | БЕТИ АРТСПИД Охрид |
| 29 | СТЕВИК Марика Кавадарци |
| 30 | ХАНТЕРС Скопје |
| 31 | ВРАШТИЧАНКА Радовиш |
| 32 | АМИКАМИКА |
| 33 | ИЛФА Гостивар |
| 34 | ЈУ-КА Велес |
| 35 | ЕВРОЦИНС |
| 36 | ГРАНДТЕКС |
| 37 | ИНАЦО Прилеп |